АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

# ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК БР. 03/2015 ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ ЗА 2015 ГОДИНА

## **МЕРКА 131** ЕКОНОМСКО ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ЗА ЗАЕДНИЧКО ВРШЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во понатамошниот текст: Агенција) ги известува сите заинтересирани субјекти за поднесување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година за мерката 131 Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност дека поради подготовка на измени и дополнувања на Законот за земјоделски задруги (Службен весник на Република Македонија бр. 23/2013 и 51/2015) во делот на разгледување на можноста за остварување на правото на финансиска поддршка за набавка на земјоделска механизација како и делот за проширување на мерките за финансиска поддршка за воведување на унифициран начин на земјоделско производство од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се врши измена на Јавниот Повик 03/2015.

Во дел **I ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ во табелата се бришат:**

**Ред број 5 „мерка 131.3 Помош за премии за осигурување во вид на надоместок на дел од трошоците за осигурување и тоа во висина која нема да надминува 70% од трошокот за осигурување на производните капацитети на земјоделска задруга од мал обем и 80% за осигурување на производните капацитети на земјоделска задруга од голем обем, но не повеќе од 3.000.000, денари на годишно ниво“**

**Ред број 6 „Мерка 131.4 Инвестиции за набавка на земјоделска механизација во висина од 90% од вкупната вредност на набавката“**

Останатите делови од Јавниот Повик 03/2015 објавен на 18.04.2015 година остануваат непроменети и неговата целосна содржина може да се најде на веб-адресата на Агенцијата:
www.ipardpa.gov.mk.